СРЕДНО ОПШТИНСКО ЕКОНОМСКО УЧИЛИШТЕ
**„ЈАНЕ САНДАНСКИ“ - БИТОЛА**

# И З М Е Н А  И  Д О П О Л Н У В А Њ Е  Н А

# П Р А В И Л Н И К  З А

# СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА

**Битола**
**2025**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 92 став 2 алинеја 40 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/2020, 269/2023 и 78/2025), Директорот на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“-Битола на ден 24.11.2025 година донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во СОЕУ „Јане Сандански“ - Битола

Член 1

Со овој Правилник се врши измени на Правилникот за систематизацијата на работни места во Средно општинско економско училиште „Јане Сандански“ од Битола број 01-210/1 од 20.07.2015 година, Правилникот за измена на Правилникот за систематизација на работните места во Средно општинско економско училиште „Јане Сандански“ од Битола, број 01-172/1 од 30.03.2018 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Средно општинско економско училиште „Јане Сандански“ од Битола, број 01-385/1 од 12.10.2018 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Средно општинско економско училиште „Јане Сандански“ од Битола, број 01-102/1 од 07.03.2019 година

Член 2

Во глава VI Опис на работните места во СОЕУ „Јане Сандански“ - Битола, во точка 2 СТРУЧНА СЛУЖБА под точка 2.1. ОДДЕЛЕНИЕ НА НАСТАВНИЦИ, по работното место со реден број 21 со шифра ОБН 03 02 З03 001, се додаваат две нови работни места, кои гласат:

| | |
|---|---|
| **Реден број** | 21а |
| **Шифра** | ОБН 03 02 Ђ01 001 |
| **Ниво** | Ђ01 |
| **Звање на работно место** | Кариерен советник |
| **Назив на работно место** | Кариерен советник |
| **Број на извршители** | 1 (еден) |
| **Вид на образование** | Високо образование, образование за наставник |

| | |
|---|---|
| **Други посебни услови** | - да е вработен на неопределено работно време во училиштето или во друго училиште на територија на Градот Битола<br>- да има завршена обука за кариерен советник и поседување сертификати, потврди, односно уверенија за соодветни обуки<br>- да има најмалку пет години работно искуство како наставник<br>- доколку наставникот не поседува сертификати, потврди, односно, уверенија за соодветни обуки, обврзан е во рок од една година да посетува соодветни обуки и да се стекне со сертификати, потврди, односно, уверенија за истите |
| **Работни цели** | Ефикасно, ефективно, квалитетно извршување на работи и работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на институцијата и задачи од делокругот на организационата единица во насока на кариерно советување на учениците во училиштето |
| **Работни задачи** | - изработува годишна програма и соработува со тимот за кариерно советување;<br>-обезбедува квалитетни и ажурирани информации за можностите за кариерно насочување преку понатамошно образование и пристап на пазарот на труд;<br>- врши проценка за препознавање и соодветен одговор за потребите за кариерно советување и развој на секој ученик;<br>- води континуирана евиденција за индивидуални совети и учество на сите ученици во процесот на кариерното советување и насочување за понатамошното образование и/или пристап на пазарот на труд;<br>- дава насоки на наставниците за поврзување на наставните содржини со кариерното советување и истакнување на придобивките од стекнатите знаења и вештини со понатамошниот развој на учениците;<br>- соработува со работодавачите со цел запознавање на учениците со процесите на работењето, вработувањето и вештините потребни на одредено работно место;<br>- соработува со образовни установи и институции со цел насочување на учениците кон понатомошно образование;<br>- организира групно и индивидуално кариерно советување на учениците во соработка со работодавачите и образовните установи и институции;<br>води индивидуален план на ученикот; |

| | |
|---|---|
| | - организира обуки и работилници за кариерно планирање, спроведува тестови за самопроценка и развој на вештини , обезбедува информации за различни професии и образовни можности и помага на учениците да изработат лични кариерни планови;<br>- учествува во работата на стручните органи на училиштето и помага во работата на ученичките организации и заедници;<br>соработува со стручните органи на училиштето;<br>соработува со родителите поединечно и преку родителски состаноци |
| **Одговара пред** | Директорот |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | 21 -б |
| **Шифра** | ОБН 03 02 Н01 001 |
| **Ниво** | Н01 |
| **Звање на работно место** | Координатор за практично образование |
| **Назив на работно место** | Координатор за практично образование |
| **Број на извршители** | 1 (еден) |
| **Вид на образование** | Високо образование, образование за наставник |
| **Други посебни услови** | - да има завршена обука за координатор за практично образование и поседување сертификат од Центарот за развој на стручно образование<br>- да има најмалку пет години работно искуство во областа на образованието<br>- доколку наставникот не поседува сертификат за завршена обука за координатор за практично образование, треба во рок од една година да ја заврши обуката и да се стекне со сертификат од Центарот за развој на стручно образование |
| **Работни цели** | Ефикасно, ефективно, квалитетно извршување на работи и работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на институцијата и задачи од делокругот на организационата единица во насока на координирање на наставата по практично образование |
| **Работни задачи** | - координира активности во однос на подготовка, реализација и евалуација на соработката меѓу училиштето и компаниите;<br>- истражува пазар на труд заради остварување соработка меѓу училиштето и работодавачите; следи развој и потреби од квалификации на пазарот на труд;<br>- предлага компании за соработка и реализација на практична обука до менаџментот на училиштето; изработува и надополнува Листа на работодавачи за |

| | |
|---|---|
| | соработка и реализација на практична обука/УПР на ниво на училиште<br>- изработува годишен глобален план и програма на ниво на училиште за јакнење на соработката со работодавачите;<br>- организира промоција и учествува во промоција на квалификациите во училиштето и соработката со работодавачите;<br>- води база на податоци за соработката со бизнис заедницата; |
| **Одговара пред** | Директорот |

Член 3

Во глава VI Опис на работните места во СОЕУ „Јане Сандански“ - Битола, во точка 2.СТРУЧНА СЛУЖБА, под точка 2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАСТАВНИЦИ, работното место со реден број 10 со шифра ОБН 03 02 303 001, назив на работно место – Наставник по историја на Македонија со број на извршители 1 се брише.

Член 4

Во глава VI Опис на работните места во СОЕУ „Јане Сандански“ - Битола, во точка 2.СТРУЧНА СЛУЖБА, под точка 2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАСТАВНИЦИ, работното место со реден број 20 со шифра ОБН 03 02 303 001, назив на работно место – Наставник по Биологија со број на извршители 1 се брише.

Член 5

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се врши измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места, како составен дел на Правилникот.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за јавна администрација.

Директор
Биљана Јанкуловска

**Прилог 1 Табеларен преглед на работни места се менува и гласи:**

| Ред.бр. | Шифра | Назив на работното место | Бр. на извршители | На неопределено време | | На определено време | Потреба | Забелешка - дополнува од друго училиште |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | ОБН 03 02 303 001 | Наставник по историја на Македонија | Се брише | | | | | |
| 21 а. | ОБН 03 02 Њ01 001 | Кариерен советник | 1 | 1 | | | | |
| 20 | ОБН 03 02 З0З 001 | Наставник по билогија | Се брише | | | | | |
| 21 б | ОБН 03 02 Н01 001 | Координатор за практично образование | 1 | 1 | | | | |